

Pestalozzi Children's Foundation

# Прилог

Оваа активност се имплементира од страна на **Смарт АП - Лабораторија за социјални иновации Скопје**, во рамките на проектот *„Промоција на безбедна училишна средина“*.

Проектот *„Промоција на безбедна училишна средина“* се спроведува од страна на Коалицијата на младински организации „СЕГА“ во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации Скопје, а финансиски поддржан од Детската фондација „Песталоци“.

smartup

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER



# Квиз прашања за кибернасилството

Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детска фондација Песталоци
ЕДУЛАБ

Пред вас се наоѓа квиз кој има за цел да ја подигне вашата свест за важноста на сајбер насилството, неговото препознавање, како и начините за заштита од него. Преку одговарање на прашањата, ќе добиете подобро разбирање за тоа што е сајбер насилство, кои се неговите последици, и како може да се спречи и да се реагира доколку се соочите со вакви ситуации. Овој квиз е дизајниран да ве охрабри да размислувате критички за вашите активности на интернет и да ги применувате научените вештини во секојдневниот живот, со цел да создадете побезбедна и попозитивна онлајн средина за себе и за другите.

1. Што е кибернасилство?

а) Користење интернет за пронаоѓање информации

б) Користење интернет за споделување фотографии

в) Користење интернет за намерно малтретирање на други лица

г) Користење интернет за онлајн игри

2. Како можеме да ја подигнеме свеста за кибернасилството во училиштата?

а) Игнорирање на проблемот

б) Организирање работилници и предавања

в) Забрана за користење интернет

г) Казнување на сите ученици

3. Кој е најдобриот начин да се заштитите од лажни профили на социјалните мрежи?

а) Прифаќање на сите барања за пријателство

б) Споделување на сите лични информации

в) Проверување на профилите за автентичност

г) Избегнување користење на социјалните мрежи

4. Што треба да направите ако станете жртва на кибернасилство?

а) Игнорирање на насилството

б) Пријавување на инцидентот на доверлива личност и зачувување докази

в) Одмаздување со истиот метод

г) Прекин на користење интернет

5. Што треба да направите ако видите дека некој ваш пријател е жртва на кибернасилство?

а) Да го охрабрите да не зборува за тоа

б) Да го советувате да го пријави инцидентот и да му понудите поддршка

в) Да го игнорирате проблемот

г) Да направите лажен профил и да се одмаздите во негово име

**6. Кои се некои знаци дека профил на социјална мрежа е можеби лажен?**

а) Профилот има многу пријатели и следбеници

б) Профилот има малку лични информации и сомнителни слики

в) Профилот има редовна активност

г) Профилот е верифициран

**7. Зошто е важно да се зборува за кибернасилството со младите?**

а) За да се поттикне љубопитност

б) За да се подигне свеста и да се промовираат стратегии за превенција

в) За да се намали користењето интернет

г) За да се казнат сите корисници на интернет

**8. Кои се најчестите форми на кибернасилство?**

а) Споделување смешни видеа

б) Навредување, заканување, ширење лажни гласини или споделување засрамувачки содржини

в) Лајкување слики и објави

г) Испраќање виртуелни подароци

**9. Што можете да направите за да ги заштитите вашите лични податоци на социјалните мрежи?**

а) Да ги споделите сите лични податоци со јавноста

б) Да ги ограничите информацииите што ги споделувате и да ги приспособите приватните поставки

в) Да прифатите барања за пријателство од непознати

г) Да ги користите истите лозинки за сите профили

**10. Што значи анонимно претставување на интернет?**

а) Користење на вистинскиот идентитет

б) Користење лажен идентитет за комуникација

в) Споделување на сите лични информации

г) Користење интернет за образовни цели